**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *ХИРУРГИЈА СО ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СО НЕГА*

**ИЗБОРНА**

**IV ГОДИНА**

## *ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА*

***Медицинска сестра***

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ХИРУРГИЈА СО ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СО НЕГА

**1.2.Образовен профил и струка**
1.2.1. Образовен профил: медицинска сестра
1.2.2. Струка: здравствена

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**
1.4.1. Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**
1.6.1. Изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот **хирургија и гинекологија и акушерство со нега** како изборен ученикот стекнува знаења, вештини и се оспособува:

- да ги објаснува компликациите кои се јавуваат во акушерството;
- да толкува стучни термини во гинекологија и акушерство;
- да користи стучни термин во гинекологија и акушерство;
- да ја познава улогата на медицинската сестра во гинеколошко-акушерски одделенија;
- да ги препознава методите за дијагноза на состојбата на плодот;
- да изведува основни манипулации на гинеколошките, акушерските и хируршките одделенија;
- да применува норми и одговорности при работата;
- да ги интегрира стекнатите знаења од другите наставни предмети;
- да ги применува мерките за хигено-техничка и противепидемиска заштита(асепса, антисепса);
- да го истакнува значењето на превентивата во доменот на здравствено-превентивната дејност.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на зацртаните цели, потребни се предзнаења од наставните предмети анатомија, физиологија и хигиена со здравставено воспитување изучувани во I година; нега на болен, патологија, микробиологија и инфектологија со нега, практична настава изучувани во II година; интерна и педијатрија со нега, миробиологија и инфектологија со нега, хирургија со гинекологија и акушерство со нега,практична настава изучувани во III година, застапени во наставниот план за образовниот профил медицинска сестра, предмети карактеристични за образовниот профил.

## 4.ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Кониретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. МЕТОДИ ЗА РАНО ОТКРИВАЊЕ НА КАРЦИНОМ НА МАТКАТА** | **4** | Ученикот:<br>- да стекнува знаењеа за: преддијагностички методи, дијагностички методи, киретажа;<br>- да пополнува документација;<br>- да подготвува материјал за интервенција;<br>- да асистира при преглед и интервенција;<br>- да препознава наод при преглед. | - Проценување на претходните знаења на учениците за карцином на матката преку дискусија и повторување на материјалот;<br>- објаснување на начинот на препознавање одредени продромални симптоми;<br>- запознавање на учениците со значењето на раното откривање на карцином на грлото на матката од сите аспекти;<br>- демонстрирање на постапки за дијагноза на карцином на матката;<br>- делње на учениците според работни задачи;<br>- контролирање и вреднување на индивидуалната | Гинекологија и акушерство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | оспособеност кај учениците; | |
| **2. СТЕРИЛИТЕТ** | **4** | - Да го објаснува стерилитетот;<br>- да ги познава методите за откривање на причините за стерилитет;<br>- да подготвува материјал за преглед (ХСГ, инсуфлација, базална температура). | - Обезбедување на услови за реализација на темата(одд.за стерилитет при ГАК и рендген институт);<br>- вреднување на индивиду-алната оспособеност кај учениците. | Гинекологија и акушерство |
| **3. СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ БОЛЕСТИ (СПБ)** | **5** | - Да објаснува за проблемот на СПБ (хламидија, ХПВ, ХИВ, колпитис);<br>- да препознава симптоми на СПБ;<br>- да ја познава здравствено-просветната дејност (заштита). | - Дискутирање за СПБ;<br>- демонстрира низ слики;<br>- задавање на проекти на ученикот;<br>- оценување на целокупна активност. | Гинекологија и акушерство |
| **4. КАРЦИНОМ НА ДОЈКА** | **4** | - Да го објснува карцином на дојка;<br>- да препознава промени на дојката;<br>- да укажува на неопходна контрола;<br>- да познава методи за: физикален и самопреглед на дојка, мамографија, | - Објаснување на: значењето на раното откривање на карцином на дојка, методи за физикален и само-преглед на дојка;<br>- демонстрирање на методите;<br>- организирање на мал проект (каде учениците ги | Гинекологија и акушерство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ултразвук, биопсија;<br>- да го истакнува значењето на здравствено-просветната дејност. | применуваат стекнатите знаења практично);<br>- координирање на учениците;<br>- оценување на учениците. | |
| **5. ДИЈАГНОЗА НА БРЕМЕНОСТ НОРМАЛНА, ПАТОЛОШКА И СЛЕДЕЊЕ НА ТРУДНИЦА** | **13** | - Да ја опишува бременоста;<br>- да учествува во планирање на бременост;<br>- да препознава знаци на бременост;<br>- да препознава нормална бременост;<br>- да асистира при контрола на нормална бременост;<br>- да препознава патолошка состојба при бременост: крвавење, гестози, промени на состојба на плодот;<br>- да насочува кон соодветна здравствена установа;<br>- да спроведува хигиено - диететски режим;<br>- да делува здравствено просветно. | - Овозможување на услови за реализација на темата (ГАК, превентива);<br>- подготвување на наставен материјал;<br>- објаснување на начини за дијагноза за бременост;<br>- демонстрирање на преглед на трудница;<br>- проценување на состојбата на трудница;<br>- активно вклучување на ученикот во работата;<br>- вреднување на индивиду-алната оспособеност кај учениците. | Гинекологија и акушерство |
| **6. ПРИЕМ И ПОДГОТОВКА НА ТРУДНИЦА** | **10** | - Да учествува во прием на пациенти;<br>- да учествува во водење на | - Обезбедување на соодветни услови за реализација (кабинет и | Гинекологија и акушерство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ЗА РАЃАЊЕ** | | прв родилен период;<br>- да препознава тековни нормални збиднувања, важни за понатамошниот тек и исходот на раѓањето;<br>- да воочува промени во трет и четврт родилен период;<br>- да алармира во прав момент на патолошка состојба. | родилна сала);<br>- работење со ученикот при практичната активност за совладување на материјата;<br>- демонстрирање на одделни фази на фантом;<br>- практицирање на стекнатите знаења од страна на ученикот во родилна сала на ГАК. | |
| **7. ПАТОЛОШКИ СОСТОЈБИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА И РАЃАЊЕТО** | **10** | - Да препознава патолошки состојби во текот на бременоста (емезис, хиперемезис, ЕПХ, гестоза, крвавења);<br>- да класифицира проблеми според важноста;<br>- да препознава симптоми на рагање:први прави родилни контракции, водењак, ЦТГ и негови отстапувања;<br>- да алармира при неправилности на контра-кции, патолошки промени на ЦТГ, промени на боја на водењак. | - Обезбедување на услови за одвивање на наставата (патолошка бременост, прием на амбуланта, ПИН, родилна сала, леунство на клиника за ГАК);<br>- демонстрирање на специфични случаи;<br>- активно вклучување на учениците (правење на ЦТГ и опис на наодот нормален или патолошки)<br>- корегирање на нивните резултати. | Гинекологија и акушерство |
| **8. ПУЕРПЕРИУМ,** | | - Да објаснува пуерпериум;<br>- да препознава: | - Обезбедување на услови за спроведување на темата | Практична |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ДОЕЊЕ, НЕГА НА НОВОРОДЕНЧЕ** | **12** | физиолошки промени во леунство: лохии, инволуција, патолошки промени: маститис, крвавења, физиолошки промени кај новороденче;<br>- да ги применува своите знаења во практичната работа;<br>- да учествува во нега на новородено: нега на папче, совети за правилно доење. | (одделение за леунки на ГАК)<br>- демонстрирање на промени кај леунката;<br>- одредување на работните задачи на ученикот; (пример при доење, обработка на епизиотомија, нега на папче);<br>- давање на проект на ученикот во врска со здравствено- просветната дејност на леунка. | настава Педијатрија |
| **9. ЛЕКОВИ ВО АКУШЕРСТВОТО** | **4** | - Да ги познава групите на лекови кои се користат во акушерството во тек на бременоста, породувањето, леунството;<br>- да ги објаснува специфичностите на лековите, начинот на апликација, несаканите дејства. | - Проверување на претходно стекнати знаења;<br>- објаснување за специфичностите на лековите во акушерството;<br>- демонстрирање на начин на апликација. | Гинекологија и акушерство |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставната програма по **хирургија со гинекологија и акушерство со нега** како изборна наставникот применува современи наставни методи кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата преку неговите активности во училиштето и вон училиштето. Овие наставни методи подразбираат примена на наставните форми за работа: работа во групи, во парови/тендеми/или индивидуално.

Во текот на наставата наставникот ги презема следните активности: објаснува, демонстрира, опишува, споредува, анализира, дискутира, поставува прашања, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, го води ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во дискутирање, прибележување, набљудување, споредување, демонстрирање, читање и пишување, правење проекти на дадена тема, изработување домашни задачи и друго.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно - образовната работа по наставниот предмет **хирургија со гинекологија и акушерство со нега** како изборен се реализира преку теоретска и практична настава во кабинет-училница и практична база на соодветна клиника и диспанзар . Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Учениците се организирани во групи од 12 члена .Бројот на часовите, кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повтрување, утврдување, правење проекти на дадена тема, гледање на видеофилмови и ЦД, преку организирање на работилници со содржини од обласата на **хирургија со гинекологија и акушерство со нега** како изборен.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите се користи: графоскоп, компјутери, телевизор, видеоленти и ЦД, слики, текстови и други наставни средства и помагала предвидени според нормативот за простор, опрема и наставни средства.

За поуспешно совладување на целите на предметот ученикот користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, дополнителна литература за наставникот, Интернет, стручни списанија и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата , континуирано во текот на целата учебна година, усно, практични знаења или други форми, кои се користат по обработката на секоја наставна целина. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет **хирургија со гинекологија и акушерство со нега** како изборен треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот **хирургија со гинекологија и акушерство со нега** како изборен ја реализираат кадри со завршени студии по:

- медицина:

со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**6.3. Стандард за простор и опрема**

Наставата по наставниот предмет **хирургија со гинекологија и акушерство со нега** како изборен се реализира во кабинет-училница, опремена според нормативот за простор и опрема за здравствената струката за профилот медицинска сестра, како и соодветната клиника, диспанзер, дневна болница.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПРОГРАМАТА

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. д-р спец. Лидушка Василеска, раководител, советник, ‚ЦСОО - Скопје
2. Митевска Соња, наставник, СМУГС „Д-р. Панче Караѓозов“- Скопје
3. Славковиќ д-р Соња, наставник, СМУГС „Д-р. Панче Караѓозов“- Скопје
4. д-р спец. Никола Баџаков, ПЗУ„Мала Богородица“-Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: септември 2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **хирургија со гинекологија и акушерство со нега -** изборна програма ја одобри (донесе) Министерство за образование наука со решение бр. 07 - 4332 / 1 од 03. 06. 2008 година.